Врз основа Закнот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр. 52/2010 I 72/2015) и Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/2015, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и 98/2019), Собранието на ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА на ден 12.10.2023 година донесе:

02-74/6
26.10.23

# СТАТУТ
# на
# ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**(пречистен текст)**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (во понатамошниот текст "ТФСМ") е спортско здружение во рамките на кое граѓаните и организациите преку своите клубови ги остваруваат и усогласуваат поединечните со општите и заедничките интереси во омасовувањето и развојот на тенискиот спорт.

**Член 2**

ТФСМ е самостојна во организирањето и остварувањето на своите цели и активности утврдени со овој Статут и други нормативни акти, а своите права, должности и одговорности ги остварува во согласност со Уставот и Законот за спорт и другите Закони.

**Член 3**

ТФСМ има својство на правно лице со права и обврски утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, со Законите и овој Статут, и се запишува во регистерот на здруженија на граѓани и фондации.

**Член 4**

ТФСМ е доброволно, неполитичко, невладино, непрофитно здружение со точно дефинирани цели и задачи.
ТФСМ не може да обавува политички активности или да го користи својот имот и средства за остварување на цели на политички партии (директно учество во изборната кампања, собирање на средства за изборната кампања, финансирање на политички партии).

**Член 5**

ТФСМ е членка на Меѓународната тениска федерација - ИТФ и на Тенис Европа - ТЕ.
ТФСМ е членка на Македонскиот олимписки комитет - МОК.
ТФСМ соработува и со други асоцијациии и федерации.

**Член 6**

ТФСМ е единствен застапник на интересите на тенисерите кои настапуваат на тениските натпревари надвор од Република Северна Македонија.

**Член 7**

ТФСМ ја застапува и претставува Претседателот на ТФСМ а во негово отсуство потпреседателот на Управниот одбор.

## II. ИМЕ И СЕДИШТЕ

**Член 8**

Името на здружението гласи: Тениска Федерација на Северна Македонија Скопје.
Скратен назив на здружението гласи: ТФСМ Скопје.
Во меѓународните односи здружението ќе настапува со латинично писмо: TENNIS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA.

**Член 9**

Седиштето на ТФСМ е во Скопје, на адреса ул. Кирил и Методиј бр.52 В – 1/5, општина Центар, Скопје.
ТФСМ својата дејност ја остварува на подрачјето на Република Северна Македонија.

**Член 10**

ТФСМ има свој знак (лого), печат и штембил.
Знакот на ТФСМ е "ТФСМ" со тениска топка во која е буквата Т и продолжува со буквите ФСМ. Под него е текстот: ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИА и англиската верзија TENNIS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA. Печатот на ТФСМ е во тркалезна форма со кратенката "ТФСМ" во средината и текст во кружна форма: ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- Скопје. Штембилот на ТФСМ е со правоаголна форма со следниот текст: ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Бр. ____________ од _____________ год. Скопје.

## III. ДЕЈНОСТ И ЦЕЛИ НА ТФСМ

**Член 11**

Дејностите со чија што помош ТФСМ ги остварува своите цели се:
- 94.12-Дејности на струковни организации врз база на зачленување;
- 93.19-Останати спортски дејности;
- 85.51-Спортско и рекреативно образование;
- 93.11-Работа на спортските објекти;
- 77.21-Изнајмување и давање под закуп на опрема за рекреација и спорт;
- 18.13-Услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето;
- 18.12-Друго печатење;
- 47.64-Трговија на мало со спортска опрема во специјализирани продавници.

**Цели на Тениска федерација на Северна Македонија се:**

- ја остварува програмската ориентација на тенискиот спорт во рамките на развојот на спортот во Република Северна Македонија;
- го унапредува тенискиот спорт во Република Северна Македонија и создава организациони, материјални, стручни и кадровски услови за репрезентирање на тенискиот спорт;
- утврдува систем на тениски натпревари во Република Северна Македонија;
- ги поврзува и координира активностите на тениските клубови;

- ги поттикнува и помага активностите насочени кон унапредување и популаризација на тенискиот спорт;
- утврдува соработка со спортските и други организации во Република Северна Македонија;
- остварува меѓународна спортска соработка;
- организира и спроведува маркетинг служба за остварување материјални и финансиски средства за финансирање на дејностите на ТФСМ.
- да организира евиденција заради организирано следење на состојбите и унапредување на тенискиот спорт.

**Член 12**

За успешно спроведување и реализирање на утврдените дејности и цели, ТФСМ особено ќе се ангажира на:

- создавање материјални услови за школување и усовршување на стручните кадри кои непосредно вршат стручни работи во тенискиот спорт;
- давање на организациона и стручна помош на членките на ТФСМ;
- грижа за единствена примена на прописите и правилата на тениската игра;
- јавност во работата;
- обезбедување здравствена заштита и антидопинг контрола над спортистите како и примена на достигнувањата на спортската медицина во унапредување на тенискиот спорт;
- предлагање и донесување на нормативни акти од заеднички интерес за сите членки на ТФСМ.

**Член 13**

ТФСМ заради популаризација и развој на тенискиот спорт во сите средини во Република Северна Македонија организира тениски натпревари на екипи или поединци од домашен или меѓународен карактер.

**Член 14**

ТФСМ самостојно или заедно со други органи или организации обезбедува услови за развој на стручната, пропагандната, информативната и издавачката дејност во областа на тенискиот спорт.

**Член 15**

Во своето делување и остварување на целите и задачите ТФСМ е самостојна и автономна и должна е да ги отфрла сите видови притисоци од политичка, религиозна или економска природа.

## IV. ЧЛЕНСТВО

**Член 16**

Членки на ТФСМ се тениските клубови и други правни лица што вршат дејност спорт во Република Северна Македонија.

**Член 17**

Тениските клубови доброволно се здружуваат заради остварување на општите потреби и интереси во тенискиот спорт.

Тениските клубови се формираат во согласност со важечките законски прописи. Работата и односите во клубот се утврдуваат со Статутот и другите акти на клубот.
Сите прашања и активности од заеднички интерес клубовите ги остваруваат во ТФСМ.

**Член 18**

Барање за прием во членство се поднесува во писмена форма до ТФСМ. Одлука за прием во членство донесува Управниот одбор на ТФСМ.
Членките на ТФСМ потпишуваат договор за здружување во ТФСМ со цел сите заедно и организирано да го развиваат и усмеруваат развојот на тенискиот спорт.
Договор за здружување во ТФСМ можат да потпишат оние тениски клубови кои претходно се регистрирани кај надлежните државни органи согласно важечките законски прописи.
Членувањето во ТФСМ е доброволно.
Со потпишувањето на договорот за здружување членките ги прифаќаат Статутот и другите нормативни акти на ТФСМ.

**Член 19**

Во остварување на целите на ТФСМ, членките на ТФСМ, непосредно или преку своите претставници во органите на ТФСМ ги имаат следните права и обврски:
- слободно и рамноправно да учествуваат во сите заеднички утврдени цели и задачи;
- да избираат и бидат бирани во органите и телата на ТФСМ;
- да бидат информирани за работењето на ТФСМ и истата да ја информираат за својата работа;
- да даваат иницијатива и поднесуваат предлози за разгледување по одредени прашања, односно донесување одлуки и заклучоци по истите;
- да се придржуваат на Статутот и другити нормативни акти на ТФСМ и непосредно да работат и ги спроведуваат утвредните законски и други статутарни обврски и задачи;
- доследно да ги спроведуваат заклучоците и одлуките на органите и работните тела на ТФСМ;
- со редовно присуство и активно учество во работата на органите и телата да придонесуваат за унапредување на работата на ТФСМ;
- да учествуваат во заеднички акции и манифестации на ТФСМ и во соработка со други организации да придонесуваат во популаризација и унапредување на тенискиот спорт.

**Член 20**

Членството во ТФСМ може да престане во следниве случаи:
- По барање на членката.
- Поради укинување, престанок со работа на членката.
- Поради исклучување од ТФСМ заради делување на членката спротивно на овој Статут, останатите акти на ТФСМ, одлуките на органите на ТФСМ, како и заради нанесување штета на угледот на ТФСМ и на тенискиот спорт воопшто.

Одлука за престанок на членството во ТФСМ донесува Управниот одбор на ТФСМ.

## V. ОРГАНИ НА ТФСМ

**Член 21**

**Органи на ТФСМ се:**
- Собрание
- Претседател

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5

- Управен одбор
- Надзорен одбор

**СОБРАНИЕ**

**Член 22**

Собранието е највисок орган на ТФСМ.
Собранието го сочинуваат по еден делегат од клубовите, членки на ТФСМ.
Делегатите во Собранието ги делегираат тениските клубови.

**Член 23**

Бројот на гласовите на делегатите определени во член 22 изнесуваат од 1 (еден) до 5 (гласа) и ќе се утврдуваат со посебен акт од Управниот одбор на почетокот на секоја календарска година а согласно следниве критериуми:
- поседување-располагање со објект (број на терени, соблекувални, друга тениска опрема);
- регистрирани членови;
- број и квалитет на натпреварувачи и нивно учество во државните селекции;
- број и квалитет на организирани домашни и меѓународни натпревари;

**Член 24**

Работата од својата надлежност Собранието ја врши на седниците.
Собранието полноважно одлучува кога на седницата присуствуваат делегати кои поседуваат повеќе од половината од вкупниот број гласови во Собранието.
Собранието одлуките ги донесува со јавно гласање. Доколку на може да се донесе одлука се гласа и тајно.
Одлуката се смета за донесена кога за неа гласале присутните делегатите кои поседуваат повеќе од половина од гласовите.

**Член 25**

Седниците на Собранието се одржуваат најмалку еднаш годишно.
Собранието го свикува Претседателот на ТФСМ кој ги предлага материјалите за седницата.

**Член 26**

Собранието може да се свика и по барање на:
- Управниот одбор;
- Надзорниот одбор;
- 1/3 од вкупниот број на гласовите на делегатите на Собранието.

**Член 27**

Собранието донесува Деловник за работа со кој поблиску се утврдува начинот на работата и одлучување на Собранието.

**Член 28**

Собранието донесува заклучоци, препораки, одлуки и усвојува други акти од значење за развојот и унапредувањето на тенискиот спорт.

Собранието особено ги врши слениве работи:
- го донесува Статут како и сите измени и дополненија на Статутот;

- донесува среднорочни и годишни програми за работа и ја утврдува политиката за развој на тенискиот спорт во Република Македонија;
- разгледува и усвојува извештаи за работа на Управниот и Надзорниот одбор;
- ги избира и разрешува Претседателот на ТФСМ, Управниот и Надзорниот одбор;
- доделува признанија, пофалби и награди;
- врши други работи за кое е надлежно според прописите на ТФСМ и Законот за спортот на Република Северна Македонија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ТФСМ

### Член 29

Собранието го избира Претседателот на ТФСМ.
Претседателот на ТФСМ се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на гласови на присутните делегати на Собранието.
Мандатот на Претседателот на ТФСМ трае 4 (четири) години.
Претседателот на ТФСМ едновремено е и претседател на Управниот одбор.
Претседателот на ТФСМ за својата работа одговара пред Собранието.

### Член 30

Претседателот на ТФСМ ги врши следниве работи:
- ја претставува и застапува ТФСМ во земјата и странство;
- ги свикува и раководи со седниците на Собранието;
- ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор;
- се грижи за извршување на одлуките, заклучоците и ставовите донесени од Собранието и Управниот одбор;
- се грижи за остварување на програмата за работа;
- врши други работи предвидени со овој Статут и другите нормативни акти на ТФСМ.

## УПРАВЕН ОДБОР

### Член 31

Управниот одбор е извршен орган на Собранието.
Управниот одбор своите работи ги врши врз основа на овој Статут и другите нормативни акти на ТФСМ.

### Член 32

Управниот одбор е составен од 11 (единаесет) члена, вклучувајќи го и претседателот на ТФСМ кој е воедно и претседател на Управниот одбор.
Управниот одбор го избира Собранието на ТФСМ а на предлог на Претседателот на ТФСМ.
Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4 (четири) години .
Членовите на Управниот одбор од своите редови избираат потпретседател на Управниот одбор.
Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието.

### Член 33

Управниот одбор се состанува по потреба и работи на седници.

Управниот одбор може полноважно да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половина членови.
Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

**ПОСТАПКА ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ГЛАСАЊЕ**

**Член 34**

Доколку за одржување на седница на УО неможе да се обезбеди потребниот кворум, а заради непречено и ефикасно спроведување на активностите на ТФСМ, може да се спроведе електронско гласање (гласање преку електронска пошта) од страна на членовите на УО. Електронското гласање ќе се применува селективно и по исклучок. Претседателот на УО во зависност од природата и итноста на прашањата од Дневниот ред, за секој случај поединечно одлучува дали ќе се спроведе електронско гласање, или повторно ќе ја свика истата седница на Управниот Одбор. Претседателот на Управниот одбор, може да одлучи електронското гласање да се спроведе за сите или само за поединечни точки од Дневниот ред. Оние точки од Дневниот ред за кои нема да се спроведе електронско гласање, ќе бидат ставени на Дневниот ред за наредната седница. Електронско гласање се спроведува на начин што Претседателот на УО, преку извршната канцеларија на ТФСМ, преку електронска пошта ги повикува сите членови на Управниот одбор да се изјаснат за одлуките кои е потребно да се донесат, во определен рок, кој неможе да биде пократок од два работни дена. Стручната служба и дополнително ќе ги информира членовите на Управниот одбор дека се спроведува електронско гласање и ќе ја нагласи темата и рокот до кога може да се гласа. По истек на определениот рок, Претседателот преку електронска пошта ќе ги извести членовите на Управниот одбор за резултатите од електронското гласање.
Гласањето преку електронска пошта ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство како и гласањето извршено на седница на УО.

**Член 35**

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот. Во случај на отсуство на претседателот него го заменува потпретседателот.

**Член 36**

За извршување на своите права и обврски Управниот одбор денесува одлуки, заклучоци, решенија, упатства и насоки.
**Управниот одбор особено ги врши следниве работи:**

- во рамките на политиката која ја утврдило Собранието ја следи и проучува состојбата и проблемите во тенискиот спорт и предлага мерки и активности за унапредување и популаризација на тенискиот спорт;
- на Собранието му поднесува извештаи за својата работа и ги реализира донесените одлуки, програми и заклучоци од Собранието;
- ги утврдува предлозите на нормативните акти, програми, планови и другите материјали и ги предлага на усвојување на Собранието;
- го известува Надзорниот одбор за своето работење;
- ја донесува организационата шема на ТФСМ;
- ги донесува правилниците за работење на ТФСМ ;
- формира свои помошни органи и работни тела и ги именува претседателите и членовите на истите;



ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5

- разгледува и усвојува програми за работа и извештаи за работа на своите органи и работни тела;
- донесува календар за секоја натпреварувачка сезона и го утврдува системот на натпревари во Република Северна Македонија;
- организира тениски натпревари и други масовни акции со цел популаризација и унапредување на тенискиот спорт во Република Северна Македонија;
- ја утврдува висината на надоместокот што го уплатуваат членките во системот на натпреварување;
- донесува годишен финансов план и завршна сметка и се грижи за нивно извршување;
- на предлог на Натпреварувачкиот комитет утврдува листа на делегати за системот на натпревари;
- на предлог на Судискиот комитет утврдува листа на судии за водење на натпреварите;
- го именува Генералниот секретар на ТФСМ;
- дава толкувања по сите општи акти на ТФСМ;
- превзема конкретни мерки во случај на кршење на интересите и нарушување на угледот на тенискиот спорт;
- одлучува по жалбите на дисциплинската комисија;
- одлучува за пофалби, признанија и награди;
- врши избор и предлага претставници во општествените и спортски органи и организации;
- врши други работи за кои со овој Статут или со другите акти е надлежен.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Член 37**

Надзорниот одбор го следи севкупното работење на ТФСМ.
Надзорниот одбор особено ги врши следниве работи:

- надзор во законското спроведување и примена на одредбите од Статутот и другите општи акти на ТФСМ;
- надзор над извршувањето на одлуките на органите и телата на ТФСМ;
- надзор врз наменско и рационално користење на средствата на ТФСМ;
- предлага мерки за спречување и отстранување на утврдените неправилности.

**Член 38**

Надзорниот одбор е составен од 3 (три) члена, вклучувајќи го и претседателот.
Претседателот и членовите на Надзорниот одбор ги бира Собранието на ТФСМ.
Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 (четири) години.

**Член 39**

Надзорниот одбор работи на седници свикани од претседателот на одборот.
Надзорниот одбор зазема ставови и донесува заклучоци со мнозинство гласови и за тоа го известува Собранието или другите органи и тела кои се должни укажаните неправилности благовремено да ги отстранат.
Надзорниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.

**VI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА**

**Член 40**

Работата на ТФСМ е јавна.



ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5

Јавноста на работата на ТФСМ се остварува преку:

- навремено доставување на материјали за расправа на претставниците на членките на ТФСМ и други заинтересирани органи и организации;
- известување на средствата за јавно информирање со содржината и прашањата за кои се расправа на седниците на ТФСМ;

**Член 41**

ТФСМ е должна на претставниците на средствата за информирање да им презентира податоци и информации за работењето на органите и телата на ТФСМ.

## VII. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**Член 42**

ТФСМ се грижи за развивање и унапредување на односите со Меѓународната тениска федерација (ИТФ) и Тенис Европа (ТЕ).

ТФСМ остварува меѓународна соработака со националните тениски асоцијации и федерации кои се членки на ИТФ и ТЕ.

**Член 43**

ТФСМ донесува одлуки за учество на меѓународни натпреварувања согласно календарот на ИТФ и ТЕ.

ТФСМ покренува иницијатива и донесува одлука за утврдување на кандидатура за организација на меѓународни натпреварувања.

## VIII. ТЕНИСКИ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ и СТРУЧНИ КАДРИ

**Член 44**

Тениските репрезентации на Република Северна Македонија во сите селекции го репрезентираат тенискиот спорт на Северна Македонија во земјата и странство во средбите со другите репререзентации.

**Член 45**

Обврска на одредените тениски репрезентативци е да се јават и вклучат во работата на репрезентативните селекции. Оваа обврска ја имаат и играчите кои настапуваат во странските клубови.

Правата, обврските и одговорностите на тениските репрезентативци се регулираат со нормативните акти на ТФСМ.

Тениските репрезентативци остваруваат права утврдени со закон и со актите на ТФСМ.

**Член 46**

Тениските репрезентации на Република Северна Македонија може да настапуваат на официјални натпреварувања или пријателски средби само во согласност и во организација на ТФСМ.

**Член 47**

За постигнатите успеси на репрезентацијата селекторот, капитените и играчите можат да добијат награди, пофалби и спортски трофеи.

**Член 48**

Спортски тренинг и натпревари на тениските репрезентации можат да водат стручни лица кои имаат завршено најмалку вишо образование во областа на спортот или стручни лица кои имаат тренерска лиценца добиени меѓународни прзнати и верифицирани тренерски асоцијации.

## IX. СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ И МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСОВО РАБОТЕЊЕ

**Член 49**

ТФСМ може да стекнува недвижен имот, парични средства и други имотни права во согласност со важечките законски прописи.

За реализација на дејностите, целите и задачите ТФСМ обезбедува средства кои ги користи под услови и на начин утврден со Закон, овој Статут и други општи акти на ТФСМ.

**Член 50**

ТФСМ може да стекнува недвижен имот, парични средства и други имотни права во согласност со важечките законски прописи.

**Средствата за вршење на дејноста ТФСМ ги обезбедува од:**

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- Буџетите на општините;
- Општините во градот Скопје;
- Градот Скопје;
- Спонзорство и донаторство;
- Членарини, пријавнини и такси;
- Маркетинг;
- Орагнизирање напреварувања и турнири.
- Основачки влогови;
- Доброволни прилози;
- Подароци (во пари, добра, имотни права);
- Завештанија;
- Легати;
- Дејности со кои се стекнува добивка;
- Кирии и закупнини;
- Приходи од инвестиции;
- Дивиденти;
- Камати;
- Заеми и други приходи во согласност со закон и со статутот.

**Член 51**

ТФСМ има финансиски план и годишен биланс на приходи и расходи.

Со финансискиот план се утврдуваат и распоредуваат средствата за финансирање на задачите и работите на ТФСМ.

Финансискиот план се донесува на почетокот на годината и се однесува на една календарска година.

**Член 52**

За обезбедување на средствата за вршење на дејноста на ТФСМ како и за користење на истите се грижат Претседателот и Управниот одбор.

**Член 53**

За извршување на стручни книговодствено-финансиски и административно-технички работи Претседателот во согласност со Управниот одбор може да ангажира лице или установа за извршување на тие работи.

## X. СТРУЧНИ СЛУЖБИ

**Член 54**

Стручните, оперативните и другите работи ги извршува генералниот секретар на ТФСМ. Тој истовремено ја организира и раководи работата на стручната служба на ТФСМ.

**Член 55**

Генералниот секретар на ТФСМ го именува Управниот одбор за време од 4 (четири) години. Правата, обврски и одговорности на Генералниот секретар се регулираат со посебен договор во согласност со законските прописи, овој Статут и нормативните акти на ТФСМ.
Генералниот секретар за својата работа одговара пред Управниот одбор.

## XI. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**Член 56**

За особени заслуги во развојот и унапредувањето на тенискиот спорт во Република Северна Македонија, како и за постигнати резултати во тенискиот спорт, ТФСМ доделува признанија и награди на спортски и други организации, одбори и поединци.
Собранието од редовите на најзаслужните тениски работници избира почесни членови.

## XII. ПРЕСТАНОК НА ТФСМ

**Член 57**

ТФСМ престанува да постои во следниве случаи:

- Кога за тоа ќе одлучи Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број на гласовите на делегатите на Собранието;
- Ако се стекнат услови пропишани со закон;
- Ако Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе одлука дека Програмата и статутот на ТФСМ не се во согласност со Уставот;
- ако е поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со статутот, а таа не е одржана;
- ако во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- ако е извршена статусна измена која предвидува престанок на постоењето;
- ако е донесена одлука на наледжен суд;
- со стечај;
- со спроведена ликвидација и
- доколку бројот на членовите се намали под бројот определен за основање.

**Член 58**

Во случај на престанок на работата на ТФСМ неговиот имот се предава на чување на надлежниот државен орган за спорт на Република Северна Македонија.

Постапката за престанок на организацијата пред наллежниот суд се води според одредбите на Законот за парнична постапка. За престанок на организацијата судот по службена должност го известува регистарот.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 59**

Измени и дополненија на Статутот на ТФСМ ги донесува Собранието на ТФСМ во иста постапка како и при неговото донесување.

**Член 60**

Сите тениски клубови ќе ги усогласат своите статути и општи акти со одредбите на овој Статут во рок од 6 месеци од денот на неговото донесување.

**Член 61**

Толкувањето на одредбите на овој Статут по прибавените мислења го дава Управниот одбор на ТФСМ.

**Член 62**

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Тениска Федерација на Северна Македонија, донесен на Собранието одржано на ден 20.04.2022 год.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Александар Ивановски, Претседател

Скопје, 12.10.2023 година